СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
НАША БАНКА!

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година

**Битола, 2017 година**

# М И С Л Е Њ Е

на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола
по Годишниот извештај за работењето
на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола дава комплетна слика за работењето на Банката во текот на 2016 година, како и за условите во кои истата ја вршеше својата деловна активност.

Детално се обработени изворите на средствата, со посебен акцент на депозитите, како на населението така и на правните лица, од аспект на нивната рочна и валутна структура. Нивната големина беше решавачка за димензионирањето на билансот на Банката.

Во изминатата 2016 година, бавното заздравување на економиите од еврозоната како најзначаен трговски партнер на Македонија беше најзначаен надворешен фактор кој влијаеше врз условите на стопанисување во земјата. Ризиците во домашната економија главно произлегуваа од влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба.

Во такви услови, вкупниот потенцијал на Банката бележи раст од 9,87%, односно 950,35 милиони денари во однос на 31.12.2015 година. На страната на изворите, вкупните депозити пораснаа за 7,61% на годишна основа, додека обврските по кредити се зголемија за 32,16%. Капиталот и резервите забележаа годишен раст од 1,72%.

Од аспект на употребата на изворите, значаен фактор кој се одрази врз годишните промени на кредитите и исправката на вредност на кредитите е Одлуката на НБРМ за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која најдоцна до 30 јуни 2016 година банките имаа обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто ги исполнуваат критериумите предвидени со Одлуката. Во тој контекст, бруто-кредитите на правни лица, каде што во најголема мера се одрази ефектот од споменатата Одлука, на годишна основа се намалени за 831,89 милиони денари, односно за 17,75%. Доколку се изземе ефектот од оваа Одлука, бруто-кредитите на правни лица нефинансиски субјекти не би имале позначајни промени. Со цел диверзификација на кредитното портфолио и намалување на ризикот од концентрација, кредитите на физички лица на годишна основа бележат позначаен раст од 27,33%, односно 517,43 милиони денари.

Што се однесува на показателите за квалитет на кредитното портфолио и на активата воопшто, комбинираниот ефект од напорите на Банката за намалување на нефункционалните кредити и отписите во согласност со наведената регулатива придонесоа учеството на нефункционални кредити во бруто-кредитно портфолио на нефинансиски субјекти да се намали од 15,46% во 2015 година на 2,29% во 2016 година. Исто така, учеството на кредитните изложености класифицирани во В, Г и Д категории на ризик во кредитната изложеност за која е определена исправка на вредност е намалено од 16,42% со 31.12.2015 година на 3,16% со 31.12.2016 година,

додека учеството на кредитните изложености класифицирани во Д категорија на ризик е намалено од 14,68% на 1,69%. Соодветен придонес кон подобрување на квалитетот на активата имаше и продажбата на дел од преземениот имот чие учество во вкупната актива на Банката бележи годишно намалување од 1,05 п.п.

Паричните средства и еквиваленти со состојба на 31.12.2016 година беа повисоки за 684,77 милиони денари, односно 29,86% споредено со минатата година, главно како резултат на зголемени приливи на тековните сметки во странска валута и поголем износ на депозити во НБРМ – средствата од помалку запишани државни записи и ослободена исправка на вредност од кредити на нефинансиски субјекти беа насочени во седумдневни депозити во НБРМ.

Во услови на силна конкуренција во банкарскиот сектор, Банката оствари позитивен финансиски резултат, односно нето-добивка за периодот 1.1-31.12.2016 година во износ од 30,06 милиони денари. Најголем придонес кон ваквото остварување имаа нето-приходите од камати, кои на годишна основа се зголемени за 13,53%. Нето-приходите од провизии и надоместоци бележат благо намалување, и тоа на расходната страна поради имплементација на нов производ Master Card, чии ефекти во идниот период ќе се рефлектираат на приходната страна. Растот кај општите административни трошоци и амортизацијата се одвива паралелно со зголемениот обем на работа, зголемениот број вработени, трошоци за тековно и инвестициско работење во согласност со плановите за раст и развој, како и зголемени трошоци за маркетинг за промоција на производите и услугите на Банката.

Во овој Извештај, исто така, се презентирани и податоци за платен промет во земјата и во странство, за управувањето со ризиците на кои е изложена Банката, како и податоци за корпоративното управување, општествената одговорност, организациската структура итн.

Севкупно, може да се констатира дека Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола дава целосна слика за активностите и за остварувањата на Банката во текот на 2016 година.

Битола, 2017 година

Надзорен одбор
претседател

г. Ненад Јосифовиќ